РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Скопје - Shkup
Примено: 18.09.2026
Орг. един. / Njësi org.: 05 | Број / Numër: 1370/1 | Прилог / Shtojcë: | Вредност / Vlera:

# Извештај за работата на Одборот за евалуација на високото образование за периодот 01.01.2026 – 30.06.2026

## 1. Правна рамка

- Одборот за евалуација (ОЕ) врз основа на Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.153/22, 74/25 и 68/26), Деловникот за работа на Одборот за евалуација и Извештаите на комисиите за евалуација на високообразовните установи, ја следи дејноста на високообразовните установи на кои им е дадена акредитација и решение за почеток со работа.
- Го следи и оценува квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, научноистражувачката, уметничката и стручната работа на академскиот кадар на високообразовните установи, а посебно на нивните студиски програми најмалку на секои пет години и врз основа на тоа му предлага на Одборот за акредитација да ја продолжи или одземе акредитацијата.
- Предлага Предлог - Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација до Националниот совет за високо образование.
- Дава препораки потребни за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовна дејност.
- Врши и други работи согласно Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација.
- Врши и други работи утврдени со Закон.
- Одборот за евалуација на секои шест месеци доставува извештај за својата работа до министерството надлежно за работите на високото образование и до Националниот совет. Образецот за извештајот го пропишува министерот надлежен за работите на високото образование. Извештајот задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет и на веб страната на министерството надлежно за работите на високото образование.

## 2. Состав на Одборот за евалуација

**Шест членови од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Северна Македонија избрани со тајно гласање од Интеруниверзитетската конференција:**

проф. д-р Димитар Ташковски, проф. д-р Мила Арапческа, Проф. д-р Ебрар Ибраими, проф. д-р Срѓан Миќиќ, проф. д-р Климе Белевски, проф.д-р Даринка Ѓоргиева Ацкова

**Шест члена именувани од Владата на Република Северна Македонија, од редот на професорите во работен однос на јавните универзитети во Република Северна Македонија:**

проф. д-р Татјана Стојановска Иванова, проф. д-р Христина Спасевска, проф. д-р Сахмедин Сали, проф. д-р Арианит Река и проф д-р Тони Ристески.

Проф. д-р Сахмедин Сали поднесе неотповиклива оставка во месец април, 2026. Нов член од страна на Владата на Република Северна Македонија се уште не е назначен.

**Еден член именуван од најрепрезентативната организација на работодавачи:** Светлана Ристовска Антиќ (Организација на работодавачи на Македонија).

**Еден член именуван од Македонската академија на науките и уметностите:** Академик Владо Камбовски.

**Еден член избран од редот на студентите избран од Интеруниверзитетска конференција:**
Стефани Андреска Богданоска.

3. Надворешни стручни лица вклучени во постапките за евалуација

Согласно Законот за високото образование (член 51) и Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (член 9), надворешната евалуација ја врши стручна комисија, во која најмалку две третини од членовите на комисијата се професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (European Association for Quality Assurance in Higher Education - ENQA).

Во извештајниот период, во посета на ВОУ во постапките на спроведување на надворешна евалуација, учествуваа вкупно **десет странски експерти**, како членови на **14 стручни комисии** формирани од страна на ОЕ.

4. Краток преглед за општата оценка за периодот 01/01/2026 -30/06/2026

Главните активности на ОЕ во извештајниот период беа насочени кон:

- Реализација на **Конкурс за избор на странски експерти** за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи и студиските програми во Р.С. Македонија (од вкупно пријавени **38 кандидати**, условите наведи во конкурсот ги исполнуваа **11 кандидати,** со што **вкупниот број** на странски експерти во **Регистерот на странски експерти** се зголеми и **изнесува 54**);
- Распишување на **Конкурс за избор на студенти** за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи и студиските програми во Република Северна Македонија (на Конкурсот не се пријави ниту еден кандидат);
- Учество на членовите на ОЕ на јавните дебати во врска со пакетот закони од областа на високото образование и науката;
- Реализирана **обука на член од ОЕ** за стекнување со теоретски познавања и практични вештини во врска со системот на високото образование во Република Северна Македонија, постапката и методологијата за надворешна евалуација, стандардите за квалитет во високото образование, релевантните обрасци за спроведување на постапката, како и други релевантни аспекти на надворешната евалуација;
- Организација и **реализација на постапките на надворешна евалуација** (евалуирани беа вкупно **14 високообразовни установи (ВОУ)** и студиските програми кои што се реализираат на тие установи);
- Разгледување на **Извештаи од реализирани надворешни евалуации,** поднесени до ОЕ од страна на стручните комисии (разгледани беа вкупно **19 извештаи, од кои 18 усвоени беа, а еден извештај не беше усвоен од страна на ОЕ);**
- Разгледување на **Акциски планови за подобрување,** поднесени од ВОУ за кои

ОЕ усвои позитивни извештаи од спроведена надворешна евалуација;

- Постапување по **Приговори**, поднесени од ВОУ против усвоен извештај од спроведена надворешна евалуација (ОЕ постапуваше по два поднесени приговори);
- Изработка на **Предлог – Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација**. Предлог - Правилникот беше доставен до Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност на усвојување и објавен во Службен Весник на Република Северна Македонија (бр. 68/26).

**Преглед на спроведени надворешни евалуации на ВОУ и студиски програми, (период од 01.01.2026 до 30.06.2026)**

1. Факултет за информатички науки, Универзитет „Мајка Тереза";
2. Факултет за информатика, Универзитет Скопје;
3. Факултет за хуманистички науки, Универзитет „Мајка Тереза";
4. Факултет за странски јазици, Универзитет Американ Колеџ – Скопје;
5. Факултет за бизнис и економија, Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово;
6. Факултет за економски науки, Европски Универзитет – Скопје;
7. Приватна високообразовна професионална установа за бизнис студии „Еуро Колеџ" – Куманово;
8. Факултет за дентална медицина, Меѓународен Балкански Универзитет;
9. Факултет за дентална медицина, Европски Универзитет Скопје;
10. Факултет за компјутерски науки и инженерство, УИНТ „Св. Апостол Павле" - Охрид;
11. Факултет за комуникациски мрежи и безбедност, УИНТ „Св. Апостол Павле" - Охрид;
12. Факултет за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика, УИНТ „Св. Апостол Павле" - Охрид;
13. Факултет за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника, УИНТ „Св. Апостол Павле" - Охрид;
14. Факултет за информатички и комуникациски науки, УИНТ „Св. Апостол Павле" - Охрид.

**Преглед на усвоени <u>позитивни извештаи</u> од спроведени надворешни евалуации на ВОУ и студиски програми (период од 01.01.2026 до 30.06.2026)**

1. Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
2. Бизнис академија Смилевски БАС;
3. Правен факултет, Меѓународен Универзитет „Визион" – Гостивар;
4. Факултет за економски науки, Американски Универзитет на Европа – ФОН;
5. Факултет за информатички науки, Универзитет „Мајка Тереза";
6. Факултет за хуманистички науки, Универзитет „Мајка Тереза";

7. Факултет за бизнис и економија, Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово;

**Преглед на усвоени <u>негативни извештаи</u> од спроведени надворешни евалуации на ВОУ и студиски програми (период од 01.01.2026 до 30.06.2026)**

1. Факултет за правни науки, меѓународни односи и дипломатија, МИТ Универзитет Скопје;
2. Факултет за информатика, Универзитет Скопје;
3. Факултет за странски јазици, Универзитет Американ Колеџ – Скопје;
4. Факултет за економски науки, Европски Универзитет – Скопје;
5. Приватна високообразовна професионална установа за бизнис студии „Еуро Колеџ" – Куманово;
6. Факултет за дентална медицина, Европски Универзитет Скопје;
7. Факултет за компјутерски науки и инженерство, УИНТ „Св. Апостол Павле" - Охрид;
8. Факултет за комуникациски мрежи и безбедност, УИНТ „Св. Апостол Павле" - Охрид;
9. Факултет за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика, УИНТ „Св. Апостол Павле" - Охрид;
10. Факултет за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника, УИНТ „Св. Апостол Павле" - Охрид;
11. Факултет за информатички и комуникациски науки, УИНТ „Св. Апостол Павле" - Охрид.

**Преглед - <u>неусвоен позитивен извештај</u> од спроведена надворешни евалуација на ВОУ (период од 01.01.2026 до 30.06.2026)**

1. Факултет за дентална медицина, Меѓународен Балкански Универзитет

ОЕ не го усвои извештајот бидејќи согласно наодите на стручната комисија која ја спроведуваше надворешната евалуација, Факултетот за дентална медицина при Меѓународниот Балкански Универзитет не го исполнува законскиот услов предвиден со член 61 став 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), согласно кој секој факултет треба да има најмалку 10 лица избрани во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. ОЕ и предложи на директорката на АКВО да покрене постапка пред надлежните институции за проверка на законитоста на работењето на високообразовната установа.

**Преглед на постапување по <u>Приговори</u>, поднесени од ВОУ против усвоен извештај од спроведена надворешна евалуација**

1. Одбиен приговор, поднесен од Факултетот за економски науки, Меѓународен Универзитет Струга;
2. Одбиен приговор, поднесен од Факултетот за правни науки, меѓународни односи и дипломатија, МИТ Универзитет Скопје.

**Преглед на доставени Акциски планови за подобрување**

1. Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
2. Бизнис академија Смилевски БАС;
3. Правен факултет, Меѓународен Универзитет „Визион" – Гостивар

Треба да се напомене дека реализацијата на наведените активности во извештајниот период е резултат на исклучителното залагање на членовите на ОЕ Поради ограничените човечки ресурси со кои располага АКВО, членовите на ОЕ беа ангажирани во административно техничката поддршка на процесот на надворешна евалуација на ВОУ (организација на посетата на странските експерти, проверка на документацијата доставена од ВОУ контакт со ВОУ, подготовка на материјали потребни за процесот на надворешна евалуација и.т.н.).

ОЕ повеќе пати има укажано на потребата од итно вработување на координатори во АКВО кои ќе бидат задолжени за техничка и административна поддршка на стручните комисии за надворешна евалуација. Исто така ОЕ има доставено и барање до Директорката на АКВО за обезбедување на квалитетни и професионални правни услуги за изработка на правни акти и давање правни консултации поврзани со работата на Одборот.

Врз основа на дискусијата на Директорката на последната седница од извештајниот период, ОЕ очекува овие проблеми да бидат надминати.

5. Краток преглед за наредниот период 01/07/2026 – 31/12/2026

Главните активности во наредниот период ќе бидат насочени кон:

- Завршување на постапката на надворешна евалуација на: Педагошки факултет, Универзитет во Тетово; Факултет за општествени науки, Меѓународен Универзитет „Визион" Гостивар и Факултет за психологија, Меѓународен Славјански Универзитет – Св. Николе. Подготовките за овие евалуации (предвидени со годишниот план за академската 2025/2026) се веќе отпочнати, останува да се реализира посетата на ВОУ од страна на стручните комисии (во консултации со странските експерти и факултетите, посетата е договорена за периодот од 21 до 24 септември, 2026);
- Постапување по приговори од ВОУ, за кои ОЕ има усвоено Извештај од спроведена надворешна евалуација;
- Постапување по известувања од ВОУ за преземени мерки по наодите наведени во Извештајот за надворешна евалуација и доставената документација за случаеви кога Извештајот содржи предлог за одземање на акредитацијата на установата или студиската програма;
- Разгледување на Акциски планови за подобрување, доставени од ВОУ, за кои ОЕ има усвоено позитивен извештај од спроведена надворешна евалуација;
- Објавување на јавен повик за избор на странски експерти за спроведување на надворешна евалуација на високообразовни установи и студиски програми во РС Македонија, како и јавен повик за избор на студенти кои ќе учествуваат во овој

процес;

- Разгледување на предлози за измени и дополнувања на Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација во насока на подобрување на неговата примена;
- Изработка на годишен план за надворешна евалуација (академска 2026/2027);
- Проверка на исполнување на законските услови за основање на високообразовна и научна установа во однос на потребниот број на наставен кадар согласно Закон, на дел од ВОУ предвидени со годишниот план за надворешна евалуација (2026/2027), спроведување на постапка на предевалуација;
- Формирање на стручни комисии за надворешна евалуација на ВОУ кои биле предмет на предевалуација и кои го исполнуваат законскиот услов во однос на потребниот број на наставен кадар;
- Подготовки за спроведување на надворешна евалуација;
- Анализа на процесот на надворешна евалуација и донесување препораки за негово подобрување, доколку се утврди потреба.
- Континуирана соработка со релевантни чинители кои придонесуваат за подобрување на квалитетот на високото образование.

6. Организација на работата

Одборот за евалуација е стручно колективно тело кое ја спроведува надворешната евалуација на ВОУ со права и одговорности утврдени во Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18) и Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.153/22, 74/25 и 68/26).

Организацијата на работата на ОЕ е подетално регулирана со Деловникот за работа.

Работата на Одборот за евалуација се заснова на следење и оценување на квалитетот на вршење на високообразовната дејност, научноистражувачката, уметничката и стручната работа на академскиот кадар на ВОУ, во согласност со Законот за високото образование, Европските стандарди за квалитет во високото образование и Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација.

Одборот за евалуација е самостоен и независен во својата работа и одлучување.

Одборот работи и одлучува на седници, кои се свикуваат по потреба, Во изминатиот шестмесечен период, ОЕ одржа **вкупно 14 седници**. Одржани се и седници на комисии формирани според потребите на ОЕ (Комисија за оценка на исполнетоста на условите на кандидатите пријавени на конкурсите за избор на странски експерти и студенти за спроведување на надворешна евалуација, Комисија за изработка на Предлог- правилник за изменување и дополнување на Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, и состаноци на Стручните комисии за спроведување на надворешна евалуација).

Хронолошки приказ на активностите на ОЕ согласно дневниот ред на одржаните седници во периодот од 1 јануари до 30 јуни 2026 година.

**36 Седница (одржана на 15.01.2026 година)** - одборот ги разгледа и усвои извештаите за спроведените надворешни евалуации на Економскиот факултет, Универзитет Гоце Делчев, Факултетот за правни науки, меѓународни односи и дипломатија, МИТ Универзитет Скопје и Правениот факултет при Меѓународниот Универзитет „Визион – Гостивар". На истата седница Одборот донесе одлука за распишување на конкурси за избор на странски експерти и студенти за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи и студиските програми во Р.С. Македонија.

**37 Седница (одржана на 27.01.2026 година)** – усвоен беше полугодишниот извештај за работата на ОЕ, за периодот од 01.07.2025 до 31.12.2025 година, Разгледан и усвоен беше извештајот за спроведена надворешна евалуација на Бизнис академија Смилевски БАС. На седницата беа разгледани дел од предлозите за измена и дополнување на Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација.

**38 Седница (одржана на 02.02.2026 година)** – беше разгледан и усвоен извештајот за спроведена надворешна евалуација на Факултетот за економски науки, Американски Универзитет на Европа – ФОН. На оваа седница членовите на ОЕ продолжија со разгледување на останатите предлози за измена и дополнување на Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација.

**39 Седница (одржана на 16.02.2026 година)** – беше формирана комисија за разгледување на апликациите по конкурсите за избор на странски експерти и студенти за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи и студиските програми во Р.С. Македонија.

**40 Седница (одржана на 16.02.2026 година)** – беше усвоен Предлог – Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација и проследен до Националниот Совет за Високо Образование и Научно-истражувачка Дејност.

**41 Седница (одржана на 06.03.2026 година)** – беше разгледан и усвоен извештајот од комисијата за оценка на исполнетоста на условите на кандидатите пријавени на Конкурсите за избор на странски експерти и студенти за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи и студиските програми во Р.С. Македонија. Од вкупно пријавени 38 кандидати, условите наведи во конкурсот ги исполнуваа 11 кандидати, со што вкупниот број на странски експерти во Регистерот на странски експерти се зголеми и изнесува 54. На истата седница поради промена на афилијацијата на еден од странските експерти (ангажиран е на универзитет во држава чија агенција за квалитет не е членка на ENQA) извршена е промена на составот на две стручни комисии, кои треба да извршат надворешна евалуација на Факултетот за информатички науки при Универзитет „Мајка Тереза" и Факултетот за информатика при Универзитетот Скопје. На оваа седница формирана е и стручна комисија која треба да спроведе вонредна надворешна евалуација на факултетите од Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" – Охрид.

**42 Седница (одржана на 23.03.2026 година)** – Поради професионален ангажман на дел од странските експерти извршена е промена на составот на стручните комисии за

спроведување на надворешна евалуација на Факултетот за бизнис и економија при Универзитетот на Југоисточна Европа и Приватната високообразовна професионална установа за бизнис-студии „Еуро колеџ" – Куманово. Исто така донесена е одлука за online присуство на еден од странските експерти во надворешна евалуација на Факултетот за хуманистички науки при Универзитетот „Мајка Тереза" и Факултетот за странски јазици при Универзитетот Американ Колеџ. Со оглед на тоа што активностите за надворешните евалуации на наведените ВОУ беа во завршна фаза, а странскиот експерт од технички причини не беше во можност да допатува во Скопје, ОЕ донесе одлука експертот да присуствува онлајн, со цел непречена реализација на надворешната евалуација на двете ВОУ.

**43 Седница (одржана на 15.04.2026 година)** – Поради истекот на мандатот на претходниот претседател избран е нов претседател на ОЕ.

**44 Седница (одржана на 27.04.2026 година)** – Поради истекот на мандатот на претходниот заменик претседател избран е нов заменик претседател на ОЕ. Констатирана е отставка на член на ОЕ, именуван од Владата на Република Северна Македонија. Извршена е промена на составот на стручната комисија за надворешна евалуација на Факултетот за дентална медицина при Европскиот Универзитет – Скопје (поради оставката на членот од ОЕ, именуван е друг член од ОЕ). На оваа седница беа разгледани и усвоени извештаите за спроведена надворешна евалуација на Факултетот за информатика, Универзитет Скопје; Факултетот за информатички науки, Универзитет „Мајка Тереза" - Скопје и Факултетот за хуманистички науки, Универзитет „Мајка Тереза"-Скопје.

**45 Седница (одржана на 15.05.2026 година)** – беа разгледани и усвоени извештаите од спроведените надворешни евалуации на Факултетот за странски јазици при Универзитетот Американ Колеџ – Скопје; Факултетот за бизнис и економија при Универзитетот на Југоситочна Европа и Приватната високообразовна професионална установа за бизнис студии „Еуро Колеџ" – Куманово.

**46 Седница (одржана на 26.05.2026 година)** – беше разгледан и усвоен извештајот од спроведената надворешна евалуација на Факултетот за економски науки при Европскиот Универзитет – Скопје. На истата седница беа разгледани Акциските планови за подобрување, доставени од: Бизнис Академија Смилевски – БАС; Правниот факултет при Меѓународниот Универзитет „Визион" - Гостивар и Економскиот Факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" – Штип. На седницата беа донесени заклучоци со кои се задолжуваат претседателите на стручните комисии што ја спроведоа надворешната евалуација да ја проверат усогласеноста на доставените Акциски планови со наодите и препораките содржани во Извештаите од надворешната евалуација.

**47 Седница (одржана на 01.06.2026 година)** - Поради технички проблеми поврзани со откажување на летовите, ОЕ одобри online учество во постапката на надворешна евалуација на проф. д-р Sergio Luis Toral Marin, странски експерт во стручните комисии за надворешната евалуација на петте факултети на Универзитетот за информатички

технологии „Св. Апостол Павле", Охрид.

**48 Седница (одржана на 16.06.2026 година)** – беше разгледан и усвоен извештајот од спроведената надворешна евалуација на Факултетот за дентална медицина при Европски Универзитет Скопје. На истата седницата ОЕ постапи и по приговорите против усвоените извештаи од спроведените надворешни евалуација, поднесени од Факултетот за економски науки при Меѓународниот Универзитет во Струга и Факултетот за правни науки, меѓународни односи и дипломатија, МИТ Универзитет Скопје.

**49 Седница (одржана на 29.06.2026 година)** – на седницата беа разгледани известувањата од претседателите на стручните комисии за усогласеност на акциските планови за подобрување, доставени од: Бизнис Академија Смилевски – БАС; Правниот факултет при Меѓународниот Универзитет „Визион" - Гостивар и Економскиот Факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" – Штип со наодите и препораките содржани во Извештаите од надворешната евалуација. На иста седница беа разгледани и усвоени извештаите од спроведените надворешни евалуации на петте факултети на УИНТ „Св. Апостол Павле", Охрид и тоа: Факултет за компјутерски науки и инженерство, Факултет за комуникациски мрежи и безбедност, Факултет за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика, Факултет за информатички системи визуелизација, мултимедијална и анимациска техника и Факултет за информатички и комуникациски науки. Одборот исто така го разгледа и Извештајот за надворешна евалуација на Факултетот за дентална медицина, Меѓународен Балкански Универзитет. Меѓутоа ОЕ не го усвои извештајот бидејќи врз основа на наодите на стручната комисија, ОЕ утврди дека Факултетот за дентална медицина при Меѓународниот Балкански Универзитет не го исполнува законскиот услов предвиден со член 61 став 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), согласно кој секој факултет треба да има најмалку 10 лица избрани во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. ОЕ и предложи на директорката на АКВО да покрене постапка пред надлежните институции за проверка на законитоста на работењето на оваа високообразовна установа.

7. Преглед на финансиското работење

Финансиското работење на ОЕ е регулирано со Одлуката за видот и висината на надоместоците за трошоците во постапката на евалуација врз основа на реално направени трошоци, како и надоместоците на членовите на одборот за евалуација на високото образование врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа („Службен весник на Република Македонија" бр. 92/21) и Одлуката за дополнување на Одлуката за видот и висината на надоместоците за трошоците во постапката на евалуација врз основа на реално направени трошоци, како и надоместоците на членовите на одборот за евалуација на високото образование врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа („Службен весник на Република Македонија" бр. 269/21), донесени од Владата на Република Северна Македонија.

Во овој извештаен период, финансиското работење на Одборот се однесува на исплата на редовни месечни надоместоци за членовите на Одборот, патни трошоци за учество на седници на членовите на ОЕ, надоместоци на членовите на стручните комисии кои

| |
|---|
| учествуваа во надворешна евалуација на ВОУ, како и на покривање на трошоци за транспорт и сместување на ангажираните странски експерти. |
| 8. Разгледувани и усвоени прописи |
| Врз основа на искуствата од претходно спроведените надворешни евалуации, како и во насока на усогласување со Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25) во извештајниот период беше подготвен **Предлог – Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација**. Предлог - Правилникот беше доставен до Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност на усвојување и објавен во Службен Весник на Република Северна Македонија (бр. 68/26).<br>Во извештајниот период членовите на ОЕ учествуваа и на јавните дебати во врска со пакетот закони од областа на високото образование и науката. |
| 9. Тековна состојба за усогласеноста на постапките со ESG2015 |
| Стандардите и постапката според кои се врши надворешната евалуација се уредуваат со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација и истиот покажува значителна усогласеност со Стандардите и насоките за обезбедување на квалитет во Европскиот простор на високо образование (*Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area* или ESG, 2015). |
| 10. Систем за обезбедување на квалитет |
| 10.1. Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет |
| Согласно член 21 од Деловникот за работа, Одборот за евалуација на високото образование врши самоевалуација на својата работа на секои две години. Следствено, самоевалуација на работата на ОЕ ќе се спроведе во текот на 2026 година. |
| 10.2. Надворешна проверка на работата |
| Процесот на надворешна проверка на работата на Одборот за евалуација, додека не се предвиди поинаку, се врши на овој начин со изготвување на полугодишни извештаи за работата на Одборот, кои се доставуваат до министерството надлежно за работите на високото образование и до Националниот совет. Р.С. Македонија сеуште е придружна членка на ENQA, а со полноправното учество на нашата држава во оваа европска асоцијација, обврската за надворешна проверка на работата на Одборот, ќе се реализира согласно европските стандарди и регулативи. |
| 11. Предлози до Одборот за акредитација на високото образование за продолжување на акредитации на студиски програми |
| Во овој извештаен период Одборот за евалуација има доставено седум предлози за продолжување на акредитација на студиски програми до Одборот за акредитација. |

| |
|---|
| 12. Предлози до Одборот за акредитација на високото образование за одземање на акредитации на студиски програми |
| Одборот за евалуација во овој извештаен период нема доставено предлози за одземање на акредитации на студиски програми до Одборот за акредитација. |
| 13. Оценка за квалитетот на вршењето на високообразовната дејност |
| Одборот за евалуација во овој извештаен период нема дадено оценка за квалитетот на вршењето на високообразовната дејност на ВОУ во Република Северна Македонија. |
| 14. Оценка за квалитетот на уметничката и стручната работа |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за квалитетот на изведувањето на уметничката и стручната работа на кадарот на ВОУ во овој извештаен период. |
| 15. Оценка за релеватноста и квалитетот на научните истражувања |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за релевантноста и квалитетот на научните истражувања во овој извештаен период, |
| 16. Оценка на квалитетот и релевантноста на докторските, магистерските и специјалистичките трудови |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за квалитетот и релевантноста на докторските, магистерските и специјалистичките трудови на високообразовните установи. |
| 17. Оценка за квалитетот на резултатите од учењето и нивното исполнување според структурата и активностите на студиската програма |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за квалитетот на резултатите од учењето и нивното исполнување според структурата и активностите на студиската програма. |
| 18. Оценка за системите и постапките за самоевалуација и релеватноста на студентските анкети |
| Во извештајниот период, не се разгледувани и анализирани постапките за самоевалуација и студентските анкети. |
| 19. Дадени препораки за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовната дејност или дадени други препораки поврзани со делокругот на работа |
| Во извештајниот период не се дадени конкретни препораки за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовната дејност или други препораки поврзани со делокругот на работа на ОЕ. |
| 20. Оценка за наодите за оценувањата, нивната примена и релевантност, за постигнувањето на резултатите од учењето на студентите кои ги применуваат високообразовните или научните установи |
| Во извештајниот период не е дадена оценка на наодите за оценувањата, нивната примена и релевантност, за постигнувањето на резултатите од учењето на студентите кои ги применуваат високообразовните или научните установи. |
| 21. Разгледувани жалби и постапките по нив |
| Во извештајниот период ОЕ постапи по два Приговори поднесени од ВОУ против усвоен извештај од спроведена надворешна евалуација. |
| 22. Обуки за членовите на Одборот |
| Во извештајниот период се реализираше обука за еден нов член на Одборот за евалуација. |

23. Обуки за надворешни стручни лица вклучени во постапките за евалуација

Во извештајниот период не се реализира обука за новите надворешни експерти.

24. Учества на конференции/состаноци

Претседателот на ОЕ со свое излагање учествуваше на тркалезната маса насловена "**Градење на Европскиот Универзитет на Иднината – кон Заедничка и Европска диплома**", организирана од Универзитетот „Св. Климент Охридски"– Битола, кој е членка на Европската Универзитетска Алијанса КОЛОРС.

Главна тема на настанот беше улогата на универзитетските алијанси во креирање на заеднички дипломи кои ќе имаат ознака - Европска диплома (European Degree Label), и потребата од законодавни реформи кои ќе придонесат за отстранување на бариерите во постапката на акредитација на овие студиски програми.

Настанот се одржа на 5 јуни 2026 година во КИЦ Битола (Europe House Битола), а беше организиран во рамките на алијансата КОЛОРС.

25. Посети на делегации

/

26. Остварена соработка

/

27. Издавачка дејност

/

28. Состојба со мрежната страница на Одборот

Согласно член 57, став 1, точка 7, Директорот на Агенцијата ја организира и управува веб страницата на Агенцијата.

Усвоените акти на ОЕ, Конкурсите за избор на странски експерти и студенти за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи и студиските програми во Р.С. Македонија, Регистарот на странски експерти, Годишниот план за надовршна евалуација, Извештаите од спроведените надворешни евалуации, темплејт формулари, и други информации поврзани со работата на Одборот навремено се доставуваат до архивата на АКВО.

Одржувањето на веб страната е исклучиво во надлежност на АКВО.

29. Разгледувани документи и тематски анализи

/

Претседател на Одборот за евалуација
на високото образование

Скопје, 14 Септември 2026

Проф. д-р Мила Арапческа